Во рамките на постапката за изготвување и усвојување на урбанистичките планови, во согласност со член 72 од Законот за заштита на културното наследство и член 47 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.” бр.32/2020), по барање на единиците на локална самоуправа и изготвувачите на плановите издадени се **790 мислења** по урбанистички планови и тоа :

| Мислења по урбанистички планови и урбанистички проекти | Вкупно |
|---|---|
| Генерални урбанистички планови | 23 |
| Деталните урбанистички планови | 127 |
| Локална урбанистичка планска документација | 1 |
| Урбанистички планови вон населено место | 17 |
| Урбанистички план за село | 42 |
| Урбанистички проекти | 532 |

| | |
|---|---|
| Урбанистички проекти за село | **4** |
| **Архитектонско урбанистички проекти** | **1** |
| Урбанистички планови | **23** |
| Проекти за инфраструктура | **12** |
| Урбанистички проекти за инфраструктура | **5** |
| Основен проект | **3** |
| **Вкупно** | **790** |

Во дел од урбанистичките планови постоеше културно наследство, а во дел не. Дел од Барањата беа за подрачја и градби од државно значење и стартешки интерес. Заштита и интегрирање на археолошко наследство во Урбанистичките проекти и урбанистички планови. Имплементација на Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029) во урбанистичките планови кои се наоѓаат во границите на природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО и Мислења за вградување на Заштитно конзерваторски основи во самите планови. Во поголемиот број случаи, мислењата по плановите беа позитивни. Во дел од плановите не беа вградени соодветно заштитно-конзерваторските основи, или во нив не беше соодветно третирано културното наследство заради што истите беа враќани на повторна доработка.

Во рамките на постапката за изготвување и усвојување на урбанистичките планови и урбанистички проекти, во согласност со член 72 од Законот за заштита на културното наследство и член 47 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М." бр.32/2020), по барање на општините и изготвувачите на плановите издадени се ***мислења за 22 јавни анкети по урбанистички планови***.

- **Податоци за потребите за изготвување на урбанистичките планови**

Во согласност со член 47 од Законот за Законот за урбанистичко планирање, по барање на единиците за локална самоуправа и изготвувачите на плановите, издадени се **1618 Известување за податоци и информации** за постоење на културно наследство во границите на планските опфати, и тоа за:

| Податоци за потребите за изготвување по урбанистички планови | Вкупно |
|---|---|
| Генерални урбанистички планови | **30** |
| Деталните урбанистички планови | **104** |
| Локална урбанистичка планска документација | **2** |
| Урбанистички планови вон населено место | **23** |

| | |
|---|---|
| Урбанистички план за село | **58** |
| Урбанистички проекти,<br>од кои постапувано е по **85** од кои за **Патен Коридор 8** - делница на автопат: Гостивар - Букојчани, општина Гостивар и општина Кичево, делница на автопат: Тетово – Гостивар, општина Тетово, општина Боговиње, општина Брвеница, општина Врапчиште, општина Гостивар, **Патен Коридор 10Д**, делница на Автопат: Прилеп – Битола, општина Прилеп, општина Могила и општина Битола, **Патен коридор 8,** делница на Автопат: Требеништа – Струга - Ќафасан, општина Струга и општина Дебрца, **Магистрален гасовод,** делница: Свети Николе – Велес, општина Св. Николе, општина Лозово и општина Велес, **Магистрален гасовод** делница Кичево – Охрид, општина Кичево, општина Дебрца и општина Охрид. **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна и сончева енергија) во** КО Кшање и КО Кокошиње, општина Куманово и КО Строиманци и КО Горно Ѓуѓанци, општина Свети Николе и во КО Казандол, КО Валандово вгр, КО Фурка, КО Богданци, КО Богданци вгр – општина Валандово, општина Гевгелија и општина Богданци, како и **Урбанистички планови за подрачја и градби од државно значење за изградба на фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште)** на голем број на подрачја во државата.<br><br>**Основен проект – 6**, **Урбанистички планови вон населено место - 2**, **Урбанистички план– 7**, **Проект за инфраструктура – 4 и ЛУПД - 1** согласно **член 69 и член 71** од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19). | **1073** |
| Урбанистички проекти за село | **49** |
| Урбанистички план | **20** |
| Урбанистички проекти за инфраструктура | **16** |
| Проекти за инфраструктура | **14** |
| Основен проект | **98** |
| Основен проект за инфраструктура | **52** |
| Проектна техничка документација | **5** |
| **Вкупно** | **1618** |

- **Јавни Анкети по просторни и урбанистички планови**

Во рамките на постапката за изготвување и усвојување на урбанистичките планови, во согласност со член 72 од Законот за заштита на културното наследство и член 47 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М." бр.32/2020), по барање на единиците на локална самоуправа и изготвувачите на плановите издадени се **податоци за 15 јавни анкети по убанистички планови.**

Предметите-барања за добивање податоци, информации и мислења, прикачени од проектантските фирми, кои беа симнати, испечатени и оформени во предмет папки вкупно 2401, **се пренасочени и на хардискот на УЗКН \\192.168.1.25\e-urbanizam,** преку кој истите се преземаат за работа од колегите во Одделениет за интегрирана заштита.

Во текот на текот 2024 година, по барањата, доставени преку системот Е-Урбанизам и преку услуги на поштенските единици, а кои се однесуваат за барање податоци, ифомации и мислења за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти, **до проектантските фирми и до единиците на локална самоуправа** доставени се **2498 (два илјада и сто триесет и шест ) одговори.**

.

***3.2.2.*** **Мислења за доделување на концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини**

По барање на Министерството за економија / Министерство за енергетика рударство и миниралнисуровини издадени се ***18 Мислење кои се однесуваат за доделување на концесии за вршење на детални геолошки истражувања / експлоатација на техногени минерални суровини/ експлоатација на минерална суровина*** од кои:

- ***20 Мислења кои се однесуваат за доделување на концесии за вршење на детални геолошки истражувања / експлоатација на техногени минерални суровини/ експлоатација на минерална суровина*** и тоа:

| **концесии за вршење на:** | **локалитет** | **вкупно** |
|---|---|---|
| детални геолошки истражувања на минерална суровина | *металични минерални суровини на локалитетот „Боровик4", општина Кратово*<br>*мермер на локалитетот „Дупен Камен", с.Беловодица Општина Прилеп*<br>*оникс травертин на локалитетот „Декова Дабица 2", Општина Прилеп* | **12** |

| | | |
|---|---|---|
| | *глина на локалитетот ,,Еленица", општина Струмица*<br><br>*дијабаз на локалитетот „Краста 1" општина Гостивар*<br><br>*подземна минерална вода на локалитетот „Топлички рид" општина Виница;*<br><br>*термоминерална вода на локалитетот „Бел Камен" општина Кочани;*<br><br>*кварц и глина на локалитетот „Вреж" општина Радовиш*<br><br>*мермер на локалитетот „Сладун", Општина Прилеп*<br><br>*минерална вода на локалитетот ,,Бела Вода", општина Берово*<br><br>*кварц на локалитетот „Козјак2", село Ореше општина Чашка*<br><br>*користење на вода за производство на електрична енергија и изградба на мали хидроелектрични централи на МХЕ Зрновска 352 слив Вардар и МХЕ Рабетинска слив Треска*<br><br>*варовник на локалитетот „Краста 1" општина Гостивар* | |
| експлоатација на техногени минерални суровини | *локалитетот „Лојане", Општина Липково* | **1** |
| експлоатација на минерална суровина | *варовник на локалитетот ,,Караташ", с. Горна Бањица Општина Гостивар* | **7** |

| | | |
|---|---|---|
| | *варовник, на локалитетот „Остро Чука“, с. Дебреште Општина Долнени*<br>*варовник, локалитет Кутлишта, Општина Кичево*<br>*варовник, локалитет Сурин, с.Рогачево, Општина Јагуновце*<br>*песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол”, село Доброшинци, општина Василево*<br>*Песок и чакал, на локалитет Тлаците, Општина Чешиново-Облешево*<br>*Глина, локалитет Јутрина, Општина Велес* | |
| | **вкупно** | **20** |

- ***<u>3 Мислења</u> дека неможе да започне постапка за доделување на концесија за вршење на геолошки истражувања на минерална суровина /експлоатација на минерална суровина***и тоа:

| **концесии за вршење на:** | **локалитет** | **вкупно** |
|---|---|---|
| геолошки истражувања на минерална суровина | *варовник на локалитетот „Градиште”, с. Горна Бањица општина Гостивар*<br>*варовник, с.Корошишта, Општина Струга и Општина Дебрца* | **2** |
| експлоатација на минерална суровина | *мермер на локалитетот „Скрка”, општина Прилеп* | **1** |
| | **вкупно** | **3** |

До надлежните установи за заштита на недвижно културно наследство доставени се **23 Барање за стручно мислење** по однос на доставените барања за мислење за спроведување на постапка за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања / експлоатација на техногени минерални суровини/ експлоатација на минерална суровина.

Во постапката за издавање на Мислења за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини до надлежните установи за заштита на недвижно културно наследство доставени се ***<u>6 Ургенции по доставени Барања за</u>*** **<u>стручно мислење по однос на доставените барања за мислење за спроведување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини.</u>**

По барање на Генерален Секретаријат на Влада на Република Северна Македонија издадени се ***вкупно 7 Мислења за Информации со Предлог одлуки од Влада на Република Северна Македонија*** за ***доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини*** и тоа:

| **концесии за вршење на:** | **локалитет** | **вкупно** |
|---|---|---|
| геолошки истражувања на минерална суровина | *метални минерални суровини на локалитетот „Боровик4“, општина Кратово*<br>*варовник на локалитетот„Шотева нива“, општина Петровец-Скопје;*<br>*варовник, на локалитетот ,,Бела Вода и Чаршија”, општина Ѓорче Петров;*<br>*бентонитска глина на локалитетот „Бела Глава“, с. Кучково, општина Ѓорче Петров*<br>*минерална вода на локалитетот „Мулаица“, с. Буково, Општина Битола;*<br>*мермер, с. Вепрчани, Општина Прилеп* | **6** |
| експлоатација на техногени минерални суровини | *локалитетот „Лојане“, Општина Липково* | **1** |
| | **вкупно** | 7 |

### *3.2.3. Согласности за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.*

По доставени барања од Министерство за транспорт и врски и Единиците на локална самоуправа, согласно член 18 од Законот за легализација на бесправно изградени објекти, се издадени следните акти:

| | Назив на документот | **вкупно** |
|---|---|---|
| | Барање мислење за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти до надлежна установа | 10 |
| | Известување дека Управата нема надлежност да издава согласност за бесправно изграден објект кој не е дел од заштитено подрачје | 31 |
| | Согласност за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 5 |
| | Известувања за недавање согласност за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти | 4 |
| | | |

Во постапката за издавање на Согласност за утвдување на правен статус на бесправно изградени објекти до надлежните установи за заштита на недвижно културно наследство доставени се ***3 Ургенции по доставени Барања за утврдување на правен статус на бесправен објект.***

### *3.2.4. Дозволи за изнесување на заштитени движни добра*

Во извештајниот период, по барање на установите за заштита на културното наследство, согласно член 96 од Законот за заштита на културното наследство, преку EXIM системот издадени се:

| | **Назив на документ** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| | **Стандардна Дозвола за изнесување на заштитени движни добра**<br><br>Каде по дождот (1967), игран филм, режија Владан Слијепчевиќ, англиска верзија., 1.33, црно-бел, 35мм, 2472м., инв.бр.255-М31/6<br>Мис Стон (1958), игран филм, режија Жика Митровиќ, мак.,1.33, колор, 35 мм, 2610 м.<br>54 уметнички дела од збирката "Меѓународна збирка на уметнички дела" на НУ Музеј на современа уметност - Скопје, изработени во повеќе техники во различни димензии во период од 1906 до 1980 година | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | **Општа отворена Дозвола за изнесување на заштитени движни добра**<br>19 предисториски археолошки предмети (висулци, амулети, појас, скиптар и жртвеник).<br>94 уметнички дела 4 парчиња дизајниран мебел од Колекцијата на солидарност при НУ МСУ - Скопје | **2** |
| | **Специјална отворена Дозвола за изнесување на заштитени движни добра**<br>Макета од Наградениот труд од конкурсот на ОН за урбанистичкот план на Скопје - мастер план за централно градско подрачје | **1** |
| | **Вкупно** | **6** |

### 3.2.5. *Уверенија за извоз/изнесување на заштитени движни добра и незаштитени движни добра*

По барање на установите за заштита на културното наследство, правни и физички лица, согласно член 97 од Законот за заштита на културното наследство издадени се:

| | **Назив на документ** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| | Уверение за извоз на незаштитени добра | 694 |
| | Уверенија за изнесување на незаштитени движни добра | 70 |

### 3.2.6. *Потврди за моментниот статус на нематеријалното културно добро*

По барање на правни и физички лица изработени се **8 потврди за моментниот статус на нематеријалното културно добро, а** во врска со потребите на Конкурсот за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2025 година објавен од Министерството за култура и тоа:

- *„Копачкаta, традиционално оро од с. Драмче, Пијанечки регион“-нематеријално културно наследство;*
- *„ Машки поворки (Русалии)“- ”нематеријално културно наследство*
- *,,Обредни поворки со маски (Карневал) во Вевчани”- нематеријално културно наследство;*
- *„Свадбените обичаи во Република Македонија и Рекански говор“- нематеријално културно наследство;*
- *„Топонимија на РСМ, Дебарски говори, Рекански говор, Говорот на Турците од Дебарско - Жупа, Водици во Битуше и Велигденски игри во Порече“-нематеријално културно наследство;*
- *„Обредот со маски на Прочка во с. Љубанци, скопско “-нематеријално културно наследство;*
- *„Гегиски говори во Република Македонија, Преодни гегиско-тоскиски говори и Тоскиски говори“- нематеријално културно наследство;*
- *,,Традиционалната албанска свадба во Кичево и Кичевско”- нематеријално добро за кое основано се претпоставува дека е нематеријално културно наследство.*

### *3.2.7. Иницијатива за мултинационалната номинација на листите на УНЕСКО во 2025 година*

Допис - Одговор до Националната комисија за УНЕСКО при Министерството за култура и туризам на Р.С.Македонија во врска со дописот од Министерството за култура и туризам на Република Турција и нивната предлог - иницијатива за учество на нашата држава во подготовка на досието за мултинационалната номинација за можно впишување на „Култура на јогуртот“ како нематеријално културно наследство на УНЕСКО во 2025 година. Овој млечен производ не е дел од Националниот регистар на културно наследство на Р.С.Македонија.

## IV. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

- Во рамките на тековната работа до разни институции и други странки доставени се ***30 дописа во врска со интегрираната заштита на културното наследство*** ( за што се однесуваат дописи и тоа: известувања, забелешки и пропратни писма);
- Информации и мислења за разни предмети по однос на ***интегрираната заштита на културното наследство*** кои ги водат други стручни лица од Управата и од Заводите за заштита на спомениците на културата и музеите;
- Извршени консултации со стручен кадар од Заводите за заштита на спомениците на културата како и со разни институции и други странки за меѓусебна соработка и реализација на тековните работи од аспект на интегрираната заштита на културното наследство;
- Направен е Превод на англиски јазик на Листата на заштитени регистрирани нематеријални добра достапна на web - страната на Управата за заштита на

културното наследство http://uzkn.gov.mk/ во делот НИСКН, Регистри на културното наследство;
- Кореспонденција (електронска и писмена) со релевантни организации и институции како и овластени субјекти од сферата на заштитата на нематеријалното културно наследство;
- Работа на преводи од македонски на англиски јазик и обратно од доменот на активностите на Управата за заштита на културното наследство;
- Учество во извршување на рутински работи за идентификација, заштита и користење на јазикот и топонимите, следење и проучување состојби во врска со заштитата на предметните добра и користењето на истите;
- Работа на обезбедување на континуиран придонес во однос на соодветен третман на јазикот како културно наследство - Конвенцијата за заштита на нематеријалното културно наследство мора да послужи и како водечка алатка и како инспирација во сè што правиме за да го зачуваме ова наследство за идните генерации;
- Работа на истакнување на вредноста на нематеријалното културно наследство како воедно **традиционално, современо и живо** наследство и остварување на една визија за градење инклузивно и мирно глобално општество кое промовира култура, иновации и креативност;
- Согласно доделени работни задачи од непосредно претпоставениот Раководител на Секторот за идентификација, заштита и користење на културното наследство, административниот службеник Орхан Реџепи работи во Одделението за интегрирана заштита, при што преку системот на Е-урбанизам, барања за добивање податоци, информации и мислења, прикачени од проектантските фирми, се симнати, испечатени и оформени во предмет папки **вкупно 2401 (Две илјадичетрстотиниеден) предмет.**
- Учество во работата на Комисијата за спроведување на оценување на ефектот на административните службеници во Управата за заштита на културно наследство Решение бр.04-3236/2 од 16.10.2024 година).

## V. УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА КОМИСИИ И ДРУГИ ТЕЛА ФОРМИРАНИ ОД УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И ДРУГИ ОРГАНИ

5.1. Учество во работна група за изработка на „Упатство за имателите на недвижни добра во Охридскиот регион“;

5.2. Учество на работилница „Seismic Assessment and Retrofitting of Masonry Preserved Structures“, организирана од страна на Европскиот центар за повредливост на индустриски и витални системи и Европскиот центар за превенција и предвидување на земјотреси од Атина, Република Грција. Центар за повредливост на индустриски и витални системи и Европскиот центар за превенција и предвидување на земјотреси од Атина, Република Грција;

5.3. Учество во Комисии за ревизија на Елаборати за валоризација/ревалоризација на недвижно културно наследство;
- Учество во работата на комисии за ревизија на Елаборати за валоризација/ревалоризација на недвижно културно наследство и тоа:

- Елаборат за валоризација на Рајца, доцноантички објект 1;
- Елаборат за валоризација на Рајца, ранохристијанска базилика 2;
- Елаборат за валоризација на споменичка целина Големо Градиште, Коњух;
- Елаборат за ревалоризација на Куќа на ул. „Кочо Рацин“ бр. 11, Берово;
- Елаборат за ревалоризација на црквата „Св. Никола Чудотворец“, Охрид;
- Елаборат за валоризација на црквата „Св. Никола“, село Габровник;
- Елаборат за валоризација на црквата „Св. Троица“, село Подлес;
- Елаборат за ревалоризација на „Маркова кула“, Кавадарци;
- Елаборат за ревалоризација на археолошкиот локалитет „Свети Петнаесет Тивериополски маченици“, Струмица;
- Елаборат за валоризација на Куќата на ул. „Димитар Влахов“, бр.33, Охрид;
- Елаборат за ревалоризација на училишна зграда во с. Конско, Гевгелија;

**5.4.** Учество во работата на комисијата за попис на архивскиот материјал од трајна вредност за 2023 година на Управата за заштита на културното наследство;

5.5. Во извештајниот период стручни лица од Одделението за движно културно наследство учествуваа и/или беа членови на различни комисии и други тела за работи кои се во функција на унапредување на дејноста на Управата, односно на остварување меѓусекторска соработка, и тоа во:

- работата на комисијата за јавни набавки во својство на член;
- работата на Комисија за попис на материјални средства;
- Одговори по барања од граѓани и правни лица за информации кои се однесуваат за недвижно културно наследство, други известувања за водење управна постапка 125;
- Постапки за издавање решенија за заштитно-конзерваторски услови – 46;
- Постапи за издавање конзерваторски одобренија – 42;
- Постапки за легализација на бесправни објекти во заштитени подрачја: 56;
- Решенија за менување на правосилен акт 2;
- Комисии за вршење стручна контрола на конзерваторски проекти 1;
- Постапки за добивање одобрение за поставување опрема на заштитени добра 1;
- Известувања за правосилност на управен акт 30.
- Решение за формирање на комисија за стручна контрола на конзерваторски проект „Дигитална реставрација на носач на звук и/или слика - игран филм МИС СТОН (1958)“;
- Одобрение за привремено изнесување на заштитено движно добро - 2 (две) аудио касети (в.бр.3884) од Н.У. Музеј на македонска борба за самостојност Скопје во Н.У. НУБ „Свети Климент Охридски" Скопје;
- Анализа, стручни консултации и остварени работни средби со надлежните институции за заштита на аудиовизуелните, библиотечните и фонотечните добра во врска со реализација на проектот на УЗКН за изработка на унифицирана база на податоци за сите видови на културно наследство;
- Стручни консултации со надлежните институции за заштита на аудиовизуелни, библиотечни и фонотечни добра во врска со изготвување на долгорочни стратегии за дигитализација на библиотечните, аудиовизуелните и фонотечните добра;

- Давани се стручни совети во поглед на изготвување на Елаборати за заштита и дигитализација на библиотечните и аудиовизуелните добра; за начинот и постапката за изнесување на движни добра од земјата во странство; постапката за издавање на одобренија за изнесување на заштитени движни добра од установите за заштита на културното наследство;
  Организација и реализација на завршните процедури за институционално претставување на државата преку Управата за заштита на културното наследство на 19. COM-Меѓувладин состанок на УНЕСКО за нематеријално културно наследство, кој се одржа во Асунцион, Парагвај, во периодот од 30.11. до 05.12. 2024 година;
  Спроведување и стручни консултации со фондации, поединци и здруженија на граѓани од внатрешноста на државата, што претставуваше задолжение од директорот на Управата како дел од соработката со Министерството за култура и туризам, а со цел изготвување на подолгорочна програма за идна соработка меѓу нашата држава и УНЕСКО, во делот на нови апликации и тимови кои ќе работат на истите.

2. Сектор за превенција и инспекциски надзор на културното наследство

Во **Секторот** се вршат работи што се однесуваат на инспекцискиот надзор над спроведувањето на прописите за заштитата на културното наследство и превенцијата од незаконски дејствија против културното наследство, односно работите на безбедност на културното наследство и неговата заштита односно одбрана и спасување во случај на вооружен судир и природни непогоди. Работите во Секторот се вршат преку: 2.1 *Одделението за превенција на културното наследство* и 2.2 *Одделението за инспекциски надзор за заштита на културното наследство.*

Годишниот извештај за работа за 2024 година на Сектор за превенција и инспекциски надзор на културното наследство во Управата за заштита на културното наследство е сублимат на реализирани планови и стратегии со цел согледување на ефикасноста во работењето и претставува преглед во планираното и реализација на обврските на вработените.

Во извештајот се содржани и презентирани информации во неколку поглавја и тоа:

- **Управувањето со ризици** – во ова поглавје ќе бидат опфатени резултатите од анализата на ризици и изработката на предвидената со закон за инспекциски надзор - Методологија на процена на ризици при планирање на инспекциски надзори;
- **Организација и раководење на инспекциската служба** - ова поглавје содржи описен и табеларен приказ на организационата поставеност на кадарот во инспекциската служба и промените во екипираноста во 2024 година;
- **Инспекциски надзор** – поглавје што ќе содржи приказ за изворите на информации и податоци за идентификување на настанување на ризикот и информации за реализираните инспекциските надзори во 2024 година;

- **Обуки на инспекторите** – ова поглавје ги содржи информациите за специјализирани и генерички обуки во 2024 година;
- **Буџет и финансирање** – поглавје кое содржи информации за буџетот и финансирањето на инспекциската служба во Управата за заштита на културното наследство.

## Управување со ризици

Анализата на ризици содржи податоци поврзани со планирањето и реализирањето на инспекциските надзори, задолжувања, причините за вршење на квалитетен и ефикасен инспекциски надзор и друго. Наведеното е со цел како во иднина би се зголемила ефикасноста, квалитет и ефективноста на инспекциските надзори.

Извршувањето на работните задачи во Сектор за превенција и инспекциски надзор во Управата за заштита на културното наследство е од особена важност од причина што културното наследство претставува темелна вредност на Република Македонија и како предмет од јавен интерес се остварува на целата територија на Република Македонија за сите видови и категории на културното наследство. Ценејќи ја исклучителната важност на културното наследство во Македонија вршењето на зајакнати и унапредени инспекциски надзори претставува императив во работата на инспекциската служба на Управата. Наведеното, особено со преземање на оперативни дејствија и активности за спречување на незаконски дејствија, активности и влијанија со кои се врши или може да настане оштетување, уништување, растурање, исчезнување, деградирање и противправно присвојување на културното наследство. Основна работна задача на инспекциските надзори е остварување на увид во состојбата на заштитените добра и нивно чување, одржување и користење, како и надзори во вршењето на археолошките, конзерваторските и други истражувања, изведувањето на работите на непосредна заштита, спроведувањето мерки на заштита и спроведување на законите и други прописи, контрола на водењето на евиденциите, инвентарните и други јавни книги за заштитените добра и нивното чување, достапноста и користењето на документацијата, вклучувајќи ги регистрите и документите за потеклото на добрата преку изрекување на наредби за извршување на законските и други прописи, пропишани мерки, отстранување на утврдени недостатоци, физичко, техничко и друго обезбедување на заштитените добра, како и преку изрекување на забрани за спроведување на незаконски мерки или други дејствија што се извршуваат без претходна согласност или дозвола, односно одобрение или спротивно на условите утврдени со нив.

Извештајот за работа е креиран така што се поврзува со индивидуалните, конкретни планови и извештаи на Секторот за превенција и инспекциски надзор за заштита на културното наследство и општата годишна програма и буџетот на Управата за заштита на културното наследство.

*Секторот за превенција и инспекциски надзор на културно наследство функционира на* целата територија на Република Македонија.

**Ризични подрачја претставуваат териториите кои се во надлежност на инспекторирање најмногу во Охрид, Битола, Старата скопска чаршија.**

Во иднина е потребно поинтензивно инспекторирање точно на териториите на кои се надлежни НУ ЗЗСК и Музеј Охрид и НУ ЗЗСК и Музеј Битола, НУ Национален конзерваторски центар Скопје и НК Конзерваторски центар Скопје.

Наведеното, секако ќе биде можно, пред сé со комплетно кадровско доекипирање со доволен број на инспектори за културно наследство како и особено вработување на лице за правна поддршка на инспекторите, конкретно во *Секторот за превенција и инспекциски надзор* во Управата.

*Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство* изворите на информации и податоци за идентификување на настанување на ризикот досега ги користеше врз основа на вршење на инспекциски надзор, преставки, пријави, дојави од правни и физички лица, информации од здруженија, медиуми, заклучоци на Влада на Република Македонија, информации од други надлежни инспекторати.

*Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство* како појдовни критериуми за идентификување на субјекти на надзор се служи со веќе дефинираните субјекти кои се јавуваат како носители на дозволи, одобренија, согласности и други акти издадени од страна на *Управата за заштита на културното наследство*, на наодите од извршените инспекциски надзори во изминатиот период како и регистрите (Централниот и Националниот регистар, актите со кои е евидентирано недвижното културно наследство по видови и сл.), податоци за имателите преземени од Катастарот на Република Македонија.

Важно е да се напомене дека *Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство* покрај надзори на планираните субјекти за надзор, врши и инспекциски надзори врз основа на пријави и претставки од правни и физички лица.

Согласно пропишаното со Законот за инспекциски надзор, а во координација со Инспекциски совет, Управата за заштита на културното наследство донесе Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзор број 02-1241/3 од 15.07.2021 година, после одржаната 221 седница на 30.06.2021 година на Инспекциски совет на која е дадено позитивно мислење на истата со бр.14-564/3 од 30.06.2021 година.

**Организација и раководење**

Со цел подобро управување при вршењето на сите видови инспекциски надзори, инспекторирањето од **областа на заштитата на културното наследство** (во што се подведува и прибирањето на информации од аспект на заштитата на културното наследство, како и контрола на водење на евиденции, инвентарни и

други јавни книги за заштитените добра и чувањето, достапноста и користењето на документацијата, вклучувајќи ги регистрите и документите за потеклото на добрата), како и инспекторирањето **од областа на спроведување на конкретни мерки на посегање во интегритетот на културното наследство** (преку увиди во состојбата на заштитените добра и нивно чување, одржување и користење, особено преку вршењето на археолошките, конзерваторските и други истражувања, изведувањето на работите на непосредна заштита и спроведувањето мерки на заштита и во извршувањето на законите и други прописи, но и со цел подобро разбирање на улогите на вработените во одделението, полесно вршење на координација, контрола и комуникација во работењето), *Управата за заштита на културното наследство* во својата Систематизација на работни места, во рамките на Секторот за превенција и инспекциски надзор има предвидено ***Одделение за превенција*** и ***Одделение за инспекциски надзор за заштита*** *на* ***културното наследство.***

Вкупниот број вработени инспектори за културно наследство во УЗКН моментално брои четворица (4), распоредот по работни места е следен - *Одделението за инспекциски надзор за заштита на културното наследство: има* еден (1) вработен советник-инспектор за културно наследство, вработен на неопределено време и еден (1) вработен помошник инспектор за заштита на културно наследство на неопределено време (без лиценца), како и *Одделението за превенција*: има еден (1) советник-инспектор за безбедност на културно наследство.

Согласно предвидената систематизација на УЗКН предвидени се и работни места за советник-инспектор за културно наследство од доменот на историја на уметноста, од доменот на заштита на културното наследство, архитектурата и археологијата.

Во 2024 година реализирано е вработување на помошник инспектор за заштита на културното наследство и постапката за добивање на лиценца за инспектор за културно наследство е во тек.

3. Сектор за меѓународна соработка, документација и дигитализација на културното наследство

**Одделението за меѓународна соработка** има клучна улога во координацијата и спроведувањето на меѓународните активности поврзани со заштитата, зачувувањето и унапредувањето на културното наследство. Неговата работа вклучува следење и координирање на реализацијата на меѓународните проекти, изготвување национални извештаи за нивната имплементација, како и подготовка на стручни анализи и материјали од оваа област.

Одделението активно подготвува иницијативи и предлози за меѓународни апликации, учествува во развојот на проекти, дава стручни мислења и насоки за нивна успешна реализација. Покрај тоа, организира и спроведува кампањи и програми за подигање на свеста за значењето на меѓународните договори и нивното влијание врз националниот систем за заштита на културното наследство.

Во неговиот домен се и кореспонденцијата и соработката со меѓународни организации, невладини институции и партнери од други држави, како и учеството во изработката на посебни студии и елаборати за потребите на меѓународните проекти. Притоа, одделението следи и проучува релевантни закони, прописи и меѓународни договори со кои РС Македонија се усогласува, обезбедувајќи нивна правилна примена во националните политики.

Посветено на поддршка на билатералната и мултилатералната соработка, одделението извршува анализи, обработка на податоци и подготовка на стратешки документи кои придонесуваат за развој на меѓународните партнерства и ефективна заштита на културното наследство на државата. Неговата работа е клучен фактор во обезбедувањето на усогласеност со глобалните стандарди и подобрување на меѓународната позиција на РС Македонија во оваа значајна област. Дополнително, Одделението континуирано ги следи и проучува релевантните правни акти, вклучувајќи ги националните регулативи и меѓународните договори на кои Македонија им пристапила или ги ратификувала, осигурувајќи нивна правилна имплементација.

Преку својата активна улога во меѓународната сцена, Одделението не само што придонесува за заштита и валоризација на националното културно наследство, туку и ја зајакнува улогата на Македонија како посветен партнер во глобалните напори за зачувување на културното богатство на човештвото.

Во рамките на својата надлежност, Одделението за меѓународна соработка во 2024 година ги реализираше следниве активности:

## I. СРЕДБИ И СОСТАНОЦИ ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

- Твининг проект со Италија- Учество во редовни состаноци со експертите од специјализираната единица на италијанската полиција Карабинери за културно наследство во рамките на Твининг проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за справување со кривични дела против културното наследство и животната средина“;
- Учество на почетен настан (kick-off meeting) за Твининг проектот во просториите на Даут Пашиниот Амам;
- Учество на третиот Управен комитет на Твининг проектот (преку платформата Zoom) и подготовка на извештај;
- Средба со претставници од Секторот за меѓународни односи на градот Истанбул, Република Турција за иницирање соработка;
- Информативна сесија за програмата за територијална соработка Интерег Европа, организирана во соработка со Заедничкиот секретаријат на Програмата.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ

**Медитеранска берза за археолошки туризам (31.10.2024 - 3.11.2024)**

- Координација на четвртото учество на Македонија на 26. издание на „Медитеранската берза за археолошки туризам“ во Пестум (Салерно), Италија;
- Кореспонденција, барања за спонзорства, патна логистика и апликација за учество;
- Организација на состаноци со високи претставници од италијанскиот дипломатски кор, амбасадори и експерти од областа на археологијата;
- Подготовка на извештај за учеството на саемот.

**Денови на европското наследство 2024**

- Координативни активности и подготовка на документација за конференцијата „Македонското наследство на вмреженоста и поврзаноста„ како составен дел од манифестацијата „Денови на европското наследство 2024“, а по повод одбележувањето на 70 години Европска културна конвенција на Совет на Европа.

## III. УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ РАБОТИЛНИЦИ И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

- Учество во работилница во организација на УНЕСКО „Борба против нелегалната трговија со културни добра на Западен Балкан“ (8–12 јули 2024);
- Учество во работилница во организација на УНЕСКО „Примена на законодавството во Северна Македонија за зајакнување на борбата против нелегални активности насочени кон културното наследство“ (27-29 ноември 2024);
- Учество на онлајн работилница „Интерпретацијата како основа за одржлив развој на природното и културното наследство“, организирана од Центарот за научно истражување и промоција на културата – Хаемус.

## IV. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО РАБОТНИ ТЕЛА

**Стратегија за развој на туризмот**

- Учество во првата и втората работилница за изработка на Стратегија за развој на туризмот на Град Скопје (2024-2027) во соработка со УНД.

**Комитет за следење на ИПА 3 програмата**

- Учество во Заедничкиот комитет за мониторинг (ЗМК) на Програмата за прекугранична соработка ИПА III меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија 2021 – 2027 година.

## V. СТУДИСКО-АНАЛИТИЧКИ РАБОТИ

**Валоризација и ревалоризација на недвижно културно наследство**

- Учество во ревизија на 7 елаборати за ревалоризација на недвижно културно наследство;
- Учество во Комисијата за ревизија на Елаборатот за валоризација на спомeничката целина Големо Градиште, с. Коњух, Општина Кратово;

- Доставување информација за степенот на реализација и имплементација на предложените мерки и активности содржани во Акцискиот план од стратешкиот документ трет Локален акционен план (ЛЕАП 3).

**Охридски регион и Светско наследство**

- Учество во ревизија на Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион (2023-2030);
- Учество на состанок со меѓународниот експертски тим за Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО на кој беа дискутирани прашања поврзани со Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство во Охридскиот регион 2023-2030 и со зачувување на статусот на Светското наследство;.
- Номинација за членство во Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион;
- Номинација за членство во Националниот комитет за програмата на УНЕСКО „Човек и биосфера“.

## VII. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

**Донаторска акција и публикации**

- Координација на донаторска акција на боенки и публикации во издание на УЗКН за три основни училишта и музеи;
- Дистрибуција на публикации „Најзначајните вредности на културното и природното наследство на Република Македонија“.

**Информативни и комуникациски активности**

- Подготовка на информации, укажувања и соопштенија за јавноста во врска со заштитата на културното наследство;
- Подготовка на информации за веб-страната на УЗКН.

Во **Одделението за документација на културното наследство** се вршат работи на стручна обработка, чување и користење на документацијата за културното наследство и неговата заштита и водење посебна евиденција за нејзино користење; ограничување на достапноста на документацијата; воспоставување соработка за, организирање и развој на Националниот информативен систем за културното наследство, воспоставување бази на податоци за документацијата која се чува во одделението, и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

Во текот на 2024 година, во одделението за документација, континуирано е вршено прием и обработка на документација во базите за недвижно, движно и нематеријално културно добро. Извршени се следниве работи:

- прием на документацијата за недвижно, движно и нематеријално културно наследство;
- формирање на досиеа за културно наследство за недвижно, движно и нематеријално културно наследство;
- сместување на документацијата за недвижно, движно и нематеријално наследство во папки;
- координација со архивата и проверка и надополнување со документација која не е предадена во Одделението;
- координација со другите одделенија за проверка и надополнување на документацијата;
- обработка на документацијата и нејзино внесување во базата на **5856** предмети (основни броеви и плус дополнителни броеви и затоа вкупниот број не може да се утврди );
- внесени се **490** предмета во базата за издавање на уверенија за извоз и изнесување на незаштитени добра;
- внесени се ***171*** предмета во базата за легализација на бесправно изградени објекти (индувидуални станбени објекти), и легализација на објекти за производство, трговија, туризам и угостителство;
- обработени се ***288*** ЦД-а на ЦД ромовите во формираната база;
- распоредување на рециписите во документацијата;
- издавање и задолжување на документацијата на стручните лица;
- издавање и задолжување на документацијата на надворешни лица;
- корекции на катастарски парцели, адреси, броеви, имиња и друго;
- учество во комисии за контрола на елаборати за валоризација и ревалоризација на културното наследство;
- учество во комисијата за функционална анализа и систематизација на работни места во УЗКН;
- интернет пребарување, симнување, печатење по потреба и дополнителна обработка на разни материјали;
- обработка на документи (скенирање, копирање, обработка на фотографиите, препраќање на истите во електронска форма);
- укоричување на секаков вид материјал за потребите на Управата;
- изготвување на разни преписки, потврди, писма и друго;
- контрола на заштитните копии на старата база за обработка документација за културното наследство;
- повремени интервенции на компјутерската опрема се со цел нејзино континуирано функционирање;
- преведувачка активност од македонски на албански јазик;
- повремени ситни интервенции на компјутерите по повик кај вработените во Управата;
- преселба на документацијата во доделените канцеларии заради немање на место во депото на одделението за документација;
- водење евиденција за ИСБН броеви за издавање публикации од Управата за заштита на културното наследство;

Во **Одделението за регистрација на културното наследство и ИТ**

**поддршка** се вршат работи што се однесуваат на: водење на Националниот регистар на културното наследство (главна книга и дополнителни регистри), впишување на актите за регистрација, промена и бришење од Регистарот и доставување изводи од Националниот регистар; стручна обработка, чување и користење на документацијата за културното наследство и неговата заштита и водење посебна евиденција за нејзино користење; ограничување на достапноста на документацијата; воспоставување, организирање, одржување и развој на Националниот информативен систем за културното наследство, воспоставување бази на податоци и централно информатичко поврзување; одржување на системот за автоматизирано работење, се планира избор и надградба на хардвер - сервери, дискови, мрежни уреди, уреди за информатичката технологија; следење и проучување на новите технологии и софтвери од областа на информатиката; одржување на ИТ опремата во Управата и давање ИТ поддршка на вработените во Управата.

Во извештајниот период извршени се следните работи:

- Изготвување на известувања, преписки, доставување на податоци и информации во врска со регистрираното културно наследство;
- Учество во комисии за ревизија на елаборати за валоризација и ревалоризација.
- Одржување на веб страницата на Управата, внесување и ажурирање на новостите и останата содржина на веб страната, надградување и изработка на back-up на дата базата и фајловите;
- Координирање на работната група за изработка на софтверско решение за водење на заштитна евиденција;
- Внесување на податоци во системот Е-Кат за внесување/бришење на прибелешки во имотни листови.

Во **Одделението за дигитализација на културното наследство** се вршат работи што се однесуваат на: дигитализирање на културното наследство, проширување, збогатување и унапредување на процесот на дигитализација; обработка и користење на архитектонската, дескриптивната, фото и видео документација за културното наследство; воспоставување бази на податоци и централно информатичко поврзување; одржување на системот за автоматизирано работење, воспоставување, организирање и развој на соработка на полето на дигитализацијата на културното наследство во регионот; креирање на платформа, изградена на препораки, насоки, мета-податоци, стандарди за дигитализација, водење грижа за дигиталните бази на податоци за културното наследство и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежностите согласно законите и другите прописи.

Во извештајниот период извршени се следните работи:

1. ***Дигитализирана и обработена документација за регистрирано недвижно културно наследство, земена на реверс од Националниот конзерваторски центар***

Во овој период одделението дигитализираше дескриптивна, техничка и фото документација за следниве регистрирани и евидентирани споменици на културата од Македонија:

Историски музеј , Крушево Р НД;

- Црква Св. Богородица, с. Матејче РНД;
- Црква Св.Ѓорѓи с.Сатро Нагоричане, Куманово Р НД;
- Св. Јован Бигорски, с. Ростуше, Гостивар Р НД;
- Црква Св. Пантелејмон, с. Никифорово, Гостивар РНД;
- Црква. Св. Богородица, с. Леуново, Гостивар Р НД;
- Икони од Црква Св. Богородица Каменско, Охрид РНД;
- Црква Св. Богородица Каменско, Охрид Р НД;
- Црква Св. Никола Геракомија, Охрид РНД;
- Црква Св Јован Канео, Охрид РНД;
- Црква Св. Константин и Елена, Охрид Р НД;
- Црква Св. Никола Болнички, Охрид Р НД;
- Црква Св. Никола Болнички икони Р НД;
- Црква Св. Богородица Болничка, Охрид Р НД;
- Црква Св. Пантелејмон Имарет, Охрид Р НД;
- Црква – џамија Имарет, Охрид Р НД;
- СО Берово, заштитно конзерваторски основи, 4-801-001-004 Е НД;
- СО Берово, катастар, 4-801-001-004 Е НД;

Куќа на улица Моша Пијаде број 82, Берово, 4-801-001-7 Е НД;
- Фурна за печење сливи, Берово, 4-801-001-19 Е НД;
- Битова куќа (конак во атарот на црквата Света Богородива, Берово, 4-801-001-21 Е НД;
- Воденица, Берово, 4-801-001-114 Е НД ;
- Археолошка карта на општина Берово, 4-801-001-004 Е НД;
- Црква Света Богородица, Берово, 4-801-001-171 Е НД;
- Археолошки локалитет Будимград, с.Будинарци, Берово, 4-801-002-130 Е НД;
- Стар конак во склоп на црквата во село Владимирово, 4-801-003-10 Е НД;
- Меморијален споменик с.Митрашинци, Берово, 4-801-006-111 Е НД;
- Спомен костурница на Даме Груев и Никола Петров, с.Русиново, Берово, 4-801-012-4 Е НД;
- Археолошки локалитет Света Петка во село Чифлик, Берово, 4-801-016-3 Е НД;
- Археолошки локалитет Радоборска тумба, село Радобор, Битола, -802-001-427 Е НД
- Штаб од Прва Светска Војна, село Бач, Битола, 4-802-005-4 Е НД;
- Завод за Заштита на спомениците на културата и музеј Битола, 4-802-009-001 Е НД;
- Куќа на улица Томаки Димитровски број 14, Битола, 4-802-009-6 Е НД;
- Амам на улица Димитар Влахов број 79, Битола, 4-802-009-8 Е НД;

- Скршена Џамија, Битола, 4-802-009-18 Е НД;
- Црква Света Недела, Битола, 4-802-009-20 Е НД;
- Куќа на Вангел Мајорот број 2, 4-802-009-34 Е НД;
- Стоковна куќа Корзо на ул. Маршал Тито б.б., Битола, 4-802-009-38 Е НД;
- Војнички Германски гробишта од Првата Светска војна, Битола, 4-802-009-49;
- Црква Рождество на Пресвета Богородица, Битола, 4-802-009-85 Е НД;
- Ески Џамија, Битола, 4-802-009-186 Е НД;
- Црква Свети Архангел Михаил, село Средно Егри, Битола, 4-802-014-76 Е НД;
- Црква Свети Сотир, с.Буково, Битола, 4-802-016-50 Е НД;
- Археолошки локалитет Рупка, с.Црничани, Битола, 4-802-026-496 Е НД;
- Црква Свети Димитрие, с.Црнобуки, Битола, 4-802-027-178;
- Археолошки локалитет Пешта и Свети Антонија во село Градешница, 4-802-030-373 Е НД;
- Спомен гробишта од Првата Светска војна, с.Добровени, Битола, 4-802-037-3 Е НД;
- Црква Свети Константин и Елена, с.Томино село, Македонски Брод, 4-802-050-52 Е НД;
- Археолошки локалитет Базилика с.Кажани, Битола, 4-802-058-351 Е НД;
- Археолошки локалитет Тумба во с.Карамани, Битола, 4-802-060-21 Е НД;
- Џамија, с.Кременица, Битола, 4-802-063-5 Е НД;
- Археолошки локалитет Блатиште, с.Лисолај, Битола, 4-802-070-47 Е НД;
- Црква Света Петка, с.Маловиште, Цапари, Битола, 4-802-076-51 Е НД;
- Археолошки локалитет Долни Висои, с.Ново Змирнево, Битола, 4-802-085-48 Е НД;
- Археолошки локалитет Мавер во с.Паралово, Битола, 4-802-095-53 Е НД;
- Археолошки локалитет Кале, с.Раштани, Битола, 4-802-104-257 Е НД;
- Спомен гробишта од Прва Светска војна, с.Скочивир, Битола, 4-802-110-2 Е НД;
- Археолошки локалитет Свети Атанас кај с. Црнобуки, Битола, 4-802-127-9 Е НД;
- Археолошки локалитет Криво Крувче – Могила с.Отошница, Крива Паланка, 4-815-041-16 Е НД.

Во текот на работната 2024 година изработени се дигитализирани документациски едници и тоа: **9117** со А4 формат, **1997** А3 формат, **2298** црно-бели фотографии и **4578** негативи дескриптивна документација за објектите.

Вкупен број на дигитализирана документација: **17990.**

2. ***Дополнителни работни активности извршени во Одделението за дигитализација на културното наследство***

- Период ( *јануари – декември*)

Учество во работна група за изработка на софтверско решение за водење на заштитна евиденција, презентација и дигитализација на културното наследство. Во овој период заедно со другите колеги од работната група се создаваше завршната верзија на софтверското решение. Јас активно учествував со давање на предлози во делот на апликацијата каде ќе се вметнуваат податоци кои произлегуваат од дигитализацијата на културното наследство.

-Период ( *јануари – декември 2024 год.* ),

Решавање на компјутерски проблеми на ниво на УЗКН. Целосно одржување на компјутерските системи во УЗКН односно решавање на хардверски и софтверски проблеми настанати во овој период на работењето на управата. Инсталирање на нови принтери и скенери во управата како и друга соодветна компјутерска опрема со вклучени соодветни драјвери во. Инсталирање и одржување на соодветни софтвери за нормално функционирање на компјутерските системи. Во овој период беа извршени **220** интервенции.

-Период ( *јануари – декември 2024 год.* )

Организирање и систематизирање на серверните дискови на дигитилизираната документација изработена во претходните работни години. Организирањето на документацијата подразбираше тиополошка поделба на материјалите во серверните хард дискови по однос на видот и класификацијата на културното наследство, односно работниот процес подразбираше создавање на мали бази на податоци за секое регистрирано недвижно културно наследство одделно.

- Повремено членување на комисијата задолжена за ревизија на елаборати за валоризација и ревалоризација на недвижно културно наследство.
- Дизајнирање на пет решенија за логото по повод двесетгодишниот јубилеј од основањето на Управата за заштита на културното наследство.

-Период ( *јануари – декември 2024 год.* )

Членување на комисија формирана од Управата за заштита на културното наследство, задолжена за ревизија на Елаборати за валоризација и ревалоризација на недвижно културно наследство.

***Снимање на настани организирани од Управата за заштита на културното наследсво***

-26.07.2024 година. УЗКН – дигитализација. Реализиран работен состанок во просториите на одделението за дигитализација на културното наследство;
-18.09.2024 година. Порта Македонија. Одбележување на 70 години од Европската културна конвенција на Советот на Европа со наслов "Македонското наследство на вмреженоста и поврзаноста";
-12.12.2024 година. Порта Македонија. Од работата на Законот за заштита на културното наследство;

-16.12.2024 година. Порта Македонија. Прес конференција за „Традиционалната изработка и свирење на гајда“ на 19 сесија на Меѓувладиниот комитет на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство беше впишана на Репрезентативната листа на УНЕСКО за нематеријално културно наследство.

-Период (*октомври)*

Членување на Комисијата за спроведување на оценување на ефектот на државните службеници. Оценувањето се одржа на 25.10.2024 год.

-Период (*октомври 22-23*)

Учество на меѓународна работилница во Тирана, Република Албанија насловена како „Digitalization, Access and ptotection in the cultural heritage sector”, каде имав изработено презентација со наслов „Legal background, challenges and digitalization of cultural heritage in the Republic North Macedonia”.

-Период (*ноември 27-29*)

Учество на меѓународна работилница во Скопје организирана од УНЕСКО, насловена како „Leveraging legislation in North Macedonia to enhace the fight against illicit activities targeting cultural heritage” . Имав изработено презентација со наслов „Creation and maintenance of databases on cultural heritage in N.Macedonia” односно „ Креирање и одржување на бази на податоци за културното наследство во С. Македонија”.

4. Сектор за општи работи, финансии и правна заштита

Секторот за општи работи, финансии и правна заштита е формиран согласно Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Управата за заштита на културното наследство бр.1-2367/3 од 04.07.2024 година и согласно Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Управата за заштита на културното наследство бр.01-2367/2 од 04.07.2024 година.

Во **Секторот** се вршат работи што се однесуваат на поддршка на работата на Директорот, општите работи во доменот на работата на Управата, правните работи во доменот на работата на Секторот и на Директорот на Управата, презентација на културното наследство, правната заштита на културното наследство, архивски и стручно-административни работи, работи од областа на финансиските прашања и работи кои се однесуваат на обезбедување, управување, координација и реализација на средства од домашни и странски извори и фондови.

Работите во Секторот се вршат преку: Одделение за правна заштита, Одделение за архивски и стручно-административни работи и Одделение за финансиски прашања во кој своите работни задачи ги реализираат вкупно девет вработени лица и двајца надворешни соработници.

Во **Одделението за правна заштита** се вршат работи кои се однесуваат на правните работи во доменот на работата на Одделението и правните аспекти на

заштитата на културното наследство и тоа: учествува во изготвувањето на одлуките и општите акти за работите од негова надлежност; вршење стручно-административни работи за стручните и советодавните тела за работите од негова надлежност и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежност согласно законите и другите прописи; подготовка на упатства, наредби и други акти за постапување што ги донесува директорот на Управата; изработка на студии, анализи, програми, информации и други студиско-аналитички материјали за културното наследство и другите заштитени добра; следење, проучување, истражување и анализирање на состојбите и покренување иницијативи, поведување постапки пред надлежните органи и предложување акти и мерки за остварување, развој и унапредување на правната заштита на културното наследство; изработување на акти за прогласување, промена и престанок на заштитата, вклучувајќи и други правни акти во врска со културното наследство; вршење на работи поврзани со правото на првенствено купување, хипотекарни односи, експропријација и други имотно-правни работи во врска со културното наследство и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи. Во Одделението своите работни задачи ги извршуваат две вработени лица.

Во извештајниот период извршени се следните работи:

## 1. НОРМАТИВНО – ПРАВНИ РАБОТИ

- На ниво на Секторот за меѓународна соработка, документација и дигитализација на културното наследство и Секторот за општи работи финансии и правна заштита дадени се 3 мислења ( абелешки и коментари по Предлог законот за заштита на културното наследство.

## 2. СТУДИСКО - АНАЛИТИЧКИ РАБОТИ

Активно учество во првична ревизија на  елаборатите за (ре) валоризација на недвижно културно наследство.

## 3. УПРАВНО – ПРАВНИ РАБОТИ

### Одлуки за прогласување на културно наследство од особено значење

Изработени се **9 предлог одлуки** за прогласување на културно наследство од особено значење и тоа:

- Предлог-Одлука за прогласување на Споменичката целина Бања Банско, с.Банско, Струмица, поткатегорија исклучително значење;
- Предлог-Одлука за прогласување на Споменичката целина Вардарски рид – Гортинија, општина Гевгелија за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење;
- Предлог – Одлука за прогласување на Споменичката целина Големо градиште Коњух, општина Кратово за културно наследство од особено значење поткатегорија голрмо значење;
- Предлог-Одлука за прогласување на збирката на движно културно наследство Збирка на аудиозаписи на првата научно – музичка манифестација во Република Северна Македонија – Струшка музичка есен, за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење;
- Одлука за прогласување на **споменичката целина – Село Горно Врановци, општина Чашка** за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење - донесена од Владата на Република Северна Македонија;
- Одлука за прогласување на споменикот на културата **Манастир Св. Никита с. Горјани, општина Чучер Сандево** за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење и истата е доставена на мислење до Секретаријатот за законодавство;;
- Одлука за прогласување на **Споменичката целина Комплекс на сакрални објекти во старото урбано јадро на Струмица** за културно наследство до особено значење, поткатегорија големо значење и истата е доставена на мислење до Националниот совет за културно наследство во Министерството за култура;
- Одлука за прогласување на поединечно културно наследство – **Бронзен сад за загревање течности Аутепса од Гевгелија** за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење и истата е доставена на мислење до Националниот совет за културно наследство во Министерството за култура;
- Одлука за прогласување на споменикот **Капан ан во Скопје** во споменичката целина Стара скопска чаршија за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење и истата е доставена на мислење до Националниот совет за културно наследство во Министерството за култура.

**Решенија прогласување на значајно културно наследство**

Врз основа на Елаборат за (ре) валоризација на недвижно културно наследство и Предлог за донесување на акт за прогласување на значајно културно наследство, согласно член 40 од Законот за заштита на културното наследство, изготви 4 **решенија** за прогласување на значајно културно наследство и тоа:

- Решение за прогласување на Куќата на ул.Кочо Рацин бр.11 во Берово, за значајно културно наследство;
- Решение за прогласување на Спомeничката целина Врбјанска чука, с.Славеј, општина Кривогаштани, за значајно културно наследство;
- Решение за прогласување на куќа од старoградска архитектура на ул.Тошо Арсовбр.23, Струмица, за значајно културно наследство;
- Решение за прогласување на **Спомeничката целина Маркова кула, с. Корешница, општина Демир Капија** за значајно културно наследство.

Решенијата за прогласување на значајно културно наследство беа донесени по претходно спроведена постапка на прибирање мислења од надлежните општини, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, сопствениците и корисниците.

Во процедура на донесување на значајно културно наследство, согласно член 40 од Законот за заштита на културното наследство, се и 8 недвижни културни добра за кои се доставени елаборати за (ре)валоризација и истите се доставени на мислење до надлежните субјекти или се вратени на доработка на изготвувачите.

**Решение за регистрација ex lege**

Врз основа на пријава за регистрација ex lege во согласност со член 46 став 1 точка 1 од Законот за заштита на културното наследство, изготвени се **3** решенија за регистрација, и тоа:

- Решение за регистрација ex lege на нумизматичка збирканa Музеј на град Неготино;
- Решение за регистрација ex lege на Збирка на археолошки предмети од антички период на Музеј на град Неготино;
- Решение за регистрација ex lege на Нумизматичка збирка во Дом на културата Мирка Гинова Демир Капија.

**Други решенија**

- Изготвени се **17 решенија** за формирање на комисии и стручни тела;
- Донесено е 10 **решенија** за запирање на постапката за прогласување.

**Решенија за регистрација во Националниот регистар на културно наследство**

Врз основа на член 46 став 3 од Законот за заштита на културното наследство изготви **5 решенија за регистрација во Националниот регистар на културното наследство** и тоа:

- Решение за регистрација на привремено заштитено добро ex lege – **Зграда на Технометал Вардар** во Националниот регистар на културното наследство;
- Решение за регистрација на движно културно наследство – **Античка нумизматичка збирка** на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија во Националниот регистар на културното наследство;
- Решение за регистрација на движно културно наследство – **Збирка Епиграфика и камена пластика** на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија во Националниот регистар на културното наследство;
- Решение за регистрација на движно културно наследство – **Средновековна нумизматичка збирка** на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија во Националниот регистар на културното наследство;
- Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на етнолошки предмети на ЛУ Градски музеј – Крива Паланка во Националниот регистар на културното наследство.

**Решенија за прогласување на културно наследство во опасност**

Врз основа на барања за прогласување на културно наследство во опасност во согласност со член 43 од Законот за заштита на културното наследство изготви **3 Решенија за прогласување на културното наследство во опасност** и тоа:

- Решение за прогласување на **Дваесет (20) икони илегално изнесени и вратени во Република Северна Македонија во 2023 година** за културно наследство опасност
- Решение за прогласување на **Управната зграда на НУ Музеј Др Никола Незлобински во Струга** за културно наследство опасност
- Решение за прогласување на **Куќата на Момирови на ул. Илинденска бр.51 во Охрид**, за културно наследство опасност

**Решенија за привремена заштита**

Врз основа на Елаборат за привремена заштита и Предлог за донесување на акт за привремена заштита, согласно член 39 од Законот за заштита на културното наследство, изготви **1 решение за прогласување на значајно културно наследство** и тоа:

- Решение за привремена заштита на **археолошкиот локалитет, с. Горна Бањица, општина Гостивар.**

**Решенија за формирање на комисии**

Врз основа на член 145 став од Законот за заштита на културното наследство изготви **6 решенија за формирање на комисија за ревизија на елаборати.**

**Тужби**

По доставена тужба од Исламската верска заедница на Република Северна Македонија против НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица и Република Северна Македонија, изготви **1 одговор на тужба** до Државното правобранителство на РСМ за подрачјето на Струмица.

**Ургенции**

Изготви **8 ургенции** до НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Струмица (1), НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид (2), НУ Конзерваторски центар – Скопје (1), Биро за процена (2), Општина Охрид (1) и Комисијата за ревизија на Елаборатот за валоризација споменичката целина Мал Ринг 2 во Скопје (1).

**Известувања**

Изготви **13 известувања** до различни државни органи и јавни установи и физички и правни лица.

**Барања**

Изготви **37 барања** до различни државни органи и јавни установи и физички и правни лица.

## 4. ИМОТНО – ПРАВНИ ОДНОСИ

**Право на првенствено купување**

Врз основа на доставени понуди за реализирање на правото на првенствено купување од сопстениците, согласно член 140 од Законот за заштита на културното наследство донесени се **22 акти/одговори** по барања за реализација на правото на првенствено купување на културно добра.

**Известувања за правен статус на недвижни добра и за ставање под хипотека**

По барање на заинтересираните субјекти, изготвени се 5 **известувања** за правниот статус на недвижни добра и ставање под хипотека.

**Ослободување од данок на имот**

Изготвени се 2 известувања за ослободување од данок на имот.

**Известувања**

Во комуникација со другите органи на управата и приватни странки изработени се **78 известување** од областа на заштитата на културното наследство.

**Ургенции**

Изготвена е една ургенција до Министерството за правда – Биро за процена

**Експропријација**

Согласно член 143 од Законот за заштита на културното наследство води преписка по **2 постапки за експропријација** и тоа:

- Експропријација на недвижност на КП 15959 КО Охрид 3 ;
- Експропријација на недвижност на КП 3771/1, КП 3772/1 и КП 3776/2 КО Валандово

**Приватизација**

- Врз основа на барања за приватизација, достави **1 известување за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост во КО Центар 1 во Скопје** и **2 барања на мислење за приватизација на градежно земјиште во Скопје.**

**Размена на недвижни добра**

Врз основа на Предлог за размена на недвижни ствари имот сопственост на Република Северна Македонија со недвижни ствари – приватна сопственост од

страна на Друштво за туризам, трговија, услуги и угостителство Мартива Палас Турс ДООЕЛ изготви **1 барања на мислења** за размена на недвижни ствари.

**Отуѓување на недвижни добра**

- Врз основа на барање за отуѓување на градежно земјиште со цел оформување на градежна парцела, изготви **1 известување** за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

- **Давање на право на трајно користење на недвижни добра**

Врз основа на барање за трајно користење на недвижни добра изготви **1 мислење за давање право на трајно користење** на градежно земјиште сопственост на РСМ на Универзитетот Мајка Тереза во Скопје .

**Правен статус на недвижни добра**

По барање на заинтересираните субјекти, изготви **9 известувања за правниот статус на недвижни добра.**

**Даночни повластици**

Согласно член 127 од Законот за заштита на културното наследство, изготви **1 известување** со кои сопствениците на заштитени добра имаат даночни повластици утврдени со Законот за данок на имот.

**Запишување на промени во катастарот на недвижности**

Врз основа на барања за ставање прибелешка (запишување, бршење или промена на статусот на културно наследство) во Имотен лист изготви **1 барање** до Агенцијата за катастар на недвижности

## 5. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО

- Член во работата на **Комисијата за одлучување по прекршок** формирана со решение на Управата;

- Овластена со решение за постапување по претставки и предлози (одговорено по една претставка);
- Номинирана со решение за член на работната група за изработка на функционалната анализа, Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места во Управата за заштита на културното наследство;
- Член во техничката работна група со цел обезбедување на координиран пристап во изнаоѓање на потребните решенија во различните стручни области поврзани со консолидација на земјоделското земјиште;
- Изготвена е информација за проблемите кои произлегуваат при водење на постапките за експропријација утврдена како надлежност со Законот за заштита на културното наследство и истата е доставена до Владата на РСМ;
- Изготвена е информација за обезбедување на неопходни средства за спроведување на постапка за експропријација во рамките на Аквадуктот во Скопје;
- Дадено е мислење до Влада за оттуѓување на градежно земјиште во сопственост на РСМ на ГП 1.01, општина Чешиново;
- Дадено е мислење по постапка за оттуѓување на градежно земјиште во сопственост на РСМ за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација, доколку лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела и тоа за ГП 3.7 на територија на КО Центар 1;
- Дадени се **4** известувања по барање на Народниот правобранител во врска со Аквадуктот во Скопје;
- Учество како член на комисија за ставање на печатите на Управата вон употреба, нивно уништување како и донесување на акти за ставање во употреба на нови печати;
- Овластена со решение за Офицер за заштита на лични податоци;
- Изработен Правилник за начинот на вршење на видео надзорот во службените простории на Управата за заштита на културното наследство;
- Изработена анализа на целта, односно целите за која се поставува видео надзорот во УЗКН;
- Заменик Член во Комисија за одлучување по прекршок;
- Заменик офицер за заштита на личните податоци;
- Овластено лице за постапување по претставки и предлози (постапено по 1 претставка).

Во **Одделението за архивски и стручно-административни работи** се вршат студиско аналитички и други работи во врска со архивските, документационо-техничките и други административни и технички работи што се однесуваат на: примање и распоредување акти; прием, средување и обработка на документацијата и архивирање предмети од непосреден делокруг на директорот на Управата; собирање, средување и обработка на архивски матгеријали од непосреден делокруг на директорот на Управата; упишување на Управни предмети во уписници; непосредна коресподенција на директорот; како и другите дополнително превземени активности; канцелариски работи и организирање на прием и помош на странки и други општи работи; воспоставување на контакт со медиумите, а со

цел информирање на јавноста за работата од делокругот на надлежностите на Управата, организирање на прес конференции, јавни расправи, изјави и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежност согласно законите и другите прописи. Во Одделението своите работни задачи ги извршуваат шест вработени лица и двајца надворешни соработници.

Во извештајниот период извршени се следните работи:

**1. АРХИВА**

- Прием, прегледување и распоредување на актите, нивно заведување во деловодник (електронски) и доставување на работа кај стручните лица, административно-техничко обработување на актите, испраќање на актите, разведување и класифицирање на актите;
- Водење на книги за евиденција: деловодник - електронски (основна книга за евиденција) - **4051** основни броеви (вкупно **11517** подброеви), интерна доставна книга - **10310** заведени броеви, доставна книга за пошта - **5577** пратки и книга за место - **492** пратки, попис на акти за влезни фактури (кој се води електронски) - **441** фактури и попис на акти за патни налози - вкупно **264** патни налози; Морам да напоменам дека за прв пат откако работам во Управата за заштита на културно наследство, бројот на предмети зашишан во интерна доставна книга е петтоцифрен! Во 2023 година имало 9503 заведени броеви во интерна доставна книга, а оваа година тој е за 807 предмети поголем, вкупниот број на подброеви само во електронски деловодник во 2023 година бил 10821, оваа година е за 696 броеви поголем, а на оваа цифра се додаваат и предметите заведени во Управната постапка, и Уписникот за претставки и предлози;
- Водење на посебен деловодник за управни предмети УП 1 - исто така се води електронски и има **1134** основни предмети;
- Се води и уште еден посебен деловодник за претставки и предлози УПП (електронски), кој има **7** основни предмети;
- Во април месец 2024 година комплетно беше завршен пописот и опис на архивскиот материјал за 2023 година;
- одбирање на архивскиот од документарниот материјал;
- средување на архивскиот и документарниот материјал по организациони единици и датуми;
- евидентирање (опис и попис) на архивскиот материјал;
- сместување во регистратори и архивски кутии, чување и заштита на документарниот и архивскиот материјал;
- достава на пошта од и до органите и врши курирски работи за потребите на Управата.

**2. ОПШТИ РАБОТИ**

- Попис и сортирање на веќе постоечкиот библиотечниот фонд на Управата и воведување на електронска база со која се овозможува лесно користење и евиденција на литературата: **687 книги и 370 списанија**
- Издавање на книги на вработените и заведување во библиотечна книга;
- Тековна подготовка на базата во координација со претпоставените за да се овозможување на користење на базата од страна на вработените;
- Зголемување на библиотечниот фонд со примање на нови доставени книги до Управата и нивно заведување;
- Останати преписки со други институции за давање на податоци и информации.

Во својство на Претседател на комисија за попис на архивскиот материјал за 2023 година со архивски бр. 03-55/1 од 03.01.2024 еден од вработените ги реализираше следните активности и задачи:

- Документирани и прегледани се **3756** предмети со основни броеви и **10821** предмети со подброеви, во Управна Постапка се документирани **1222** броја;
- Прием, прегледување и распоредување на трајните акти, заведување на **763 архивски трајни предмети** во базата за потребите на пописот и распределување на работа до членовите на комисијата, како и административно-техничко обработување на актите и нивна класификација;
- Сместување во регистратори и архивски кутии, чување и заштита на документарниот и архивскиот материјал;
- Достава на Попис и опис до Државен архив на република Северна Македонија со архивски бр. 03-55/2 од 22.04.2024;
- Преглед и подготовка за предавање документација до одделението за човечки ресурси со архивски број 04-1963/1 од 23.05.2024 за постапка од 2023 година;
- Превоз на службени лица на локално ниво и државно ниво.

Во **Одделението за финансиски прашања** се вршат работи што се однесуваат на следење и примена на законските и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално - финансиското работење, подготовка на буџетот на Управата и неговата измена и дополнување; следење на извршувањето на буџетот на Управата; контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување; управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата утврдени со буџетот; изготвување на годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот на Управата; изготвување на финансиски план за извршување на буџетот; сметководствено евидентирање на извршување на буџетот и подготвување на годишна сметка; подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација; пресметување и исплата на платите на вработените во Управата; изготвување на годишен план за јавни набавки и следење на нивната реализација; давање мислења по предлог активности што ги

изготвуваат другите организациони единици на субјектот и предлогот на акти на други субјекти кои имаат и може да имаат финансиски импликации за буџетот на Управата; изготвување на информации и извештаи за извршувањето на буџетот и други финансиски работи. Во Одделението нема редовно вработени лица, работите ги извршува Раководителот на секторот, а зодредени работни задачи ги извршува еден вработен од Одделението за архивски и стручно-административни работи.

Во извештајниот период изврши работи кои можат да бидат генерализирани во неколку групи и тоа:

1. Следење на законските прописи од делокругот на работа на одделението;
2. Извршување на буџетот на Управата за 2024 година, преку изработка на финансиски планови, проширување и промена на плановите и пренамена на средства по конта и програми на одобрениот буџет;
3. Изработка на предлог буџет за 2025 година;
4. Спроведување и следење на јавните набавки за потребите на Управата;
5. Финансиско управување и координација на капиталните проекти;
6. Пресметка и исплата на плати и придонеси од плати;
7. Благајничко работење;
8. Трезорско работење;
9. Изработка на завршна с-ка за сметките на Управата;
10. Буџетска контрола;
11. Буџетска координација;
12. Учество или давање на консултација во изработката на актите на Управата кои предизвикуваат или можат да предизвикаат финансиски импликации и др;
13. Работи и работни задачи кои се во надлежност на другите сектори и независни одделенија во Управата.

Во **Одделението за управување со човечките ресурси** се вршат студиско-аналитички и други работи во врска со спроведување активности за управување со човечки ресурси; проучување и единствена примена за законите и подзаконските акти во врска со остварувањето на правата, обврските и одговорностите на вработените, изготвување на поединечни акти во врска со остварување на правата, обврските и одговорностите на административните сужбеници и другите вработени и давање мислење и упатства во однос на истети; функционална анализа на работните места во Управата и методолошка, организациска и техничка поддршка во изработка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места; обезбедување стручно-оперативна и логистичка поддршка во спроведување на постапките за пополнување на слободните работни места во

Управата и во врска со воведувањето во работата и менторството; координирање на системот на оценување во Управата, вршење на аналитичка обработка на податоците и подготвување на извештаи во врска со оценувањето; анализа на потребите од обуки, подготвување на годишна програма за обука на вработените во Управата, следење и анализирање на реализацијата и подготвувањето на извештаи за степенот на реализирање на обуките; развивање политики и упатства во насока на подобрување на внатрешната култура и начинот на работење во Управата од аспект на управувањето со човечки ресурси; развива политики за унапредување на дисциплината на вработените во Управата без примена на дисциплински мерки и обезбедува стручно-оперативна поддршка во водењето на постапките за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност; подготвување на сите видови акти кои произлегуваат од законските и подзаконските акти кои се однесуваат на вработувањето, правата, должностите, одговорностите, престанокот на вработувањето и другите акти во врска со административните службеници од аспект на управување со човечки ресурски; изработка на аналитички материјали од делокругот на кадровската политика и развој на човечките ресурси, како и развој на базата на податоци во врска со управувањето со човечки ресурси; соработка со Агенцијата за администрација на Република Македонија и Министерството за информатичко општество и администрација, во однос на сите прашања поврзани со реализација на одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и други закони; водење на персонални досиеја, подготвување квартални и годишни извештаи за управувањето со човечки ресурси во Управата и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

## V. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

За работа на Управата согласно буџетот за 2024 година беа одобрени 73.932.000,00 денари на сметка 180016009760310 (буџетска с-ка). По основ на ребаланс на буџет и прераспределба на средства, средствата на буџетската сметка изнесуваа вкупно 47.497.244,00 денари, со процент на реализација од 89,85%.

За реализација на капиталните проекти, Скопска тврдина Кале, Возобновување на Светиклиментовиот факултет на Плаошник и Евиденција на културното наследство за 2024 година беа одобрени 29.000.000,00 денари. По основ на ребаланс на буџет и прераспределба на средства, средствата за реализација на капиталните проекти изнесуваа вкупно 46,784,262 денари, со процент на реализација од 98,81%.

Во продолжение е прикажан табеларен преглед на одобрени средства, средства по ребаланс и прераспределба на средства, одобрен план за реализација (за самофинансирачката и донаторските сметки), износ на реализација и процент на реализација, кој се однесува на извештајниот период.

**BUXETSKA S-KA 603-10**

| STAVKA | POTSTAVKA | O P I S | Odobren Buxet na 01.01.2024 | Rebalans na Buxet i prenameni и др. so 31.12.2024 | Realizacija na 31.12.2024 | Realizacija vo % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | '000 MKD | '000 MKD | '000 MKD | '000 MKD |
| | | **Rashodi** | | | | |
| **40** | | **PLATI I NADOMESTOCI** | **31,872,000** | **32,376,984** | **32,376,984** | **100.00** |
| | 401 | Osnovni plati | 22,300,000 | 22,933,020 | 22,933,020 | 100.00 |
| | 402 | Pridonesi za socijalno osiguruvawe | 9,000,000 | 8,916,732 | 8,916,732 | 100.00 |
| | 404 | Nadomestoci | 572,000 | 527,232 | 527,232 | 100.00 |
| **42** | | **STOKI I USLUGI** | **9,980,000** | **9,680,000** | **9,460,521** | **97.73** |
| | 420 | Patni i dnevni rashodi | 1,000,000 | 700,000 | 700,000 | 100.00 |
| | 421 | Komunalni uslugi, greewe, komunikacija i transport | 3,000,000 | 3,000,000 | 3,000,000 | 100.00 |
| | 423 | Siten inventar, alat i drugi materijali za popravki | 300,000 | 300,000 | 300,000 | 100.00 |
| | 424 | Popravki i tekovno odr`uvawe | 2,600,000 | 2,600,000 | 2,600,000 | 100.00 |
| | 425 | Dogovorni uslugi | 2,800,000 | 2,800,000 | 2,596,160 | 92.72 |
| | 426 | Drugi tekovni rashodi | 280,000 | 280,000 | 264,361 | 94.41 |
| **46** | | **SUBVENCII I TRANSFERI** | **280,000** | **440,000** | **440,000** | **100.00** |
| | 464 | Razni transferi | 280,000 | 440,000 | 440,000 | 100.00 |
| **48** | | **KAPITALNI RASHODI** | **31,800,000** | **5,000,260** | **400,260** | **8.00** |
| | 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 1,800,000 | 400,260 | 400,260 | 100 |
| | 485 | Vlo`uvawa i nefinansiski sredstva | 30,000,000 | 4,600,000 | 0 | 0.00 |
| | | VKUPEN BUXET | **73,932,000** | **47,497,244** | **42,677,765** | 89.85 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **48** | | **Kapitalni proekti** | **29,000,000** | **46,784,262** | **46,226,802** | 98.81 |
| | 482 | 21 - Skopska tvrdina Kale | 3,000,000 | 3,000,000 | 3,000,000 | 100.00 |
| | 482 | 22 - Univerzitet na Sv.Kliment kaj Plao{nik | 23,000,000 | 40,784,262 | 40,226,802 | 98.63 |
| | 464 | 28 - Evidencija na kulturnoto nasledstvo | 3,000,000 | 3,000,000 | 3,000,000 | 100.000 |

## SAMOFINANSIRA^KA S-KA 787-17

| STAVKA | POTSTAVKA | O P I S | Odobren Buxet na 01.01.2024 | Rebalans na Buxet i prenameni и др. so 31.12.2024 | Realizacija na 31.12.2024 | Realizacija vo % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | '000 MKD | '000 MKD | '000 MKD | '000 MKD |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Rashodi** | | | | |
| **46** | | **SUBVENCII I TRANSFERI** | **90,141** | **261,462** | **2,360** | **0.90** |
| | 464 | Razni transferi Samofinansira~ka | 90,141 | 261,462 | 2,360 | 1 |

**DONACII - UNESKO 785-10, SOVET NA EVROPA 785-24, CENTRALNO EVROPSKA INICIJATIVA 754-43**

| **STAVKA** | **POTSTAVKA** | **O P I S** | **Odobren Buxet na 01.01.2024** | **Rebalans na Buxet i prenameni и др. so 31.12.2024** | **Realizacija na 31.12.2024** | **Realizacija vo %** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **'000 MKD** | **'000 MKD** | **'000 MKD** | **'000 MKD** |
| | | **Rashodi** | | | | |
| **46** | | **SUBVENCII I TRANSFERI** | **1,083,619** | **1,083,619** | **2,360** | **0.22** |
| | 464 | Razni transferi UNESKO | 234,785 | 234,785 | 2,360 | 1.01 |
| | 464 | Razni transferi Sovet na Evropa | 829,441 | 829,441 | 0 | 0.00 |
| | 464 | Razni transferi CEI | 19,393 | 19,393 | 0 | 0.00 |

## VII. КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

Адреса: ул.Павел Шатев бр.3, П.Фах бр.220, Скопје

Телефон: 02/5517-700

Веб страна: WWW.UZKN.GOV.MK

Социјални мрежи: https://facebook.com/Uprava.za.zastita.na.kulturnoto.nasledstvo